посебно значајните меѓународни активности на општествените организации и здруженија на граѓаните, износот: „3,000.000“ се заменува со износот: „2,906.000“, во позицијата 887 06-2 Финансирање на програмата за работа на Конференцијата, износот: „38,050.000“ се заменува со износот: „36,992.000“, во позицијата 890 06-2 За весникот „Младост“, износот: „12,700.000“ се заменува со износот: „12,443.000“, во позицијата 891 06-2 за списанието „Идеи“, износот: „3,200 000“ се заменува со износот: „3,134.000“, во позицијата 892 06-2 За Младинскиот фестивал на трудот, износот: „1.050 000“ се заменува со износот: „1,025.000“, во позицијата 893 06-2 Финансирање на програмата за работа на Сојузот, износот: „25,000.000“ се заменува со износот: „24,507.000“, во позицијата 894 06-2 Весникот „4 Јул“, износот. „8,350.000“ се заменува со износот: „8,181 000“, во позицијата 895 06-2 Финансирање на програмата за работа на Претседателството, износот: „16,350.000“ се заменува со износот: „16,113 000“, во позицијата 896 06-2 Служба за барање, износот: „1,700 000“ се заменува со износот: „1,592 000“, во позицијата 898 06-2 Работи во врска со народната одбрана, износот: „1,700.000“ се заменува со износот: „1,400 000“, во позицијата 905 06-2 Финансирање на програмата за работа на Сојузот, износот: „9,000 000“ се заменува со износот: „8,924 000“, во позицијата 907 06-2 Трошоци на меѓународни активности на подрачјето на физичката култура на Југославија, износот: „115,600 000“ се заменува со износот: „112,662 000“, во позицијата 908 06-2 Вонредни програми на спортски манифестации што се извршуваат само во 1981 година, износот: „26,500 000“ се заменува со износот: „26,465.000“, во позицијата 909 06-2 За меѓународни активности во областа на техничката култура на Југославија, износот: „11,500 000“ се заменува со износот: „11,274.000“, во позицијата 910 06-2 За противпожарна заштита, износот: „2,300.000“ се заменува со износот: „2,258 000“, во ставката Вкупно Основна намена 06 износот: „680,200.000“ се заменува со износот: „666,489 000“, а во ставката Вкупно раздел 42 (позиции 868 до 910) износот: „680,200 000“ се заменува со износот: „666,489 000“.

Член 4

Овие измени и дополненија на Буџетот влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

693.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЈУЗНИТЕ СУДСКИ ТАКСИ

Се прогласува Законот за сојузните судски такси, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 26 ноември 1981 година.

П бр. 125
26 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА СОЈУЗНИТЕ СУДСКИ ТАКСИ

I. Општи одредби

Член 1

Во постапката пред Сојузниот суд и пред воените судови (во натамошниот текст: судови на федерацијата) се плаќаат сојузни судски такси (во натамошниот текст: такси) според одредбите од овој закон и по Таксената тарифа која е составен дел на овој закон.

Пред судовите на федерацијата такси се плаќаат во процесната постапка, во кривичната постапка по приватна тужба, во постапката по барање за судска заштита, во постапката во управни спорови и во други случаи предвидени во Таксената тарифа.

Член 2

Такса е должно да плати лицето по чиј предлог или во чиј интерес се преземаат дејствија (во натамошниот текст: таксен обврзник).

За поднесоците и за записниците што ги заменуваат нив, таксата е должно да ја плати лицето што ги поднесува односно лицето по чие барање се составува записникот.

За одлуките на судот од прв степен, таксата е должен да ја плати тужителот, а за судско порамнување — обете странки, ако поинаку не е договорено

Кога според овој закон две или повеќе лица се должни да платат такса заедно, оваа нивна обврска е солидарна.

Член 3

Ако во овој закон или во Таксената тарифа не е определено поинаку, обврската за плаќање такси настанува:

1) за поднесоците — кога се предаваат, а за поднесоците предадени на записник — кога е составен записникот;

2) за судските одлуки — кога на странката или на нејзиниот застапник ќе му се достави препис на одлуката;

3) за судските порамнувања — кога ќе се случат;

4) за другите дејствија — кога ќе се побара нивно преземање односно кога судот ќе почне да постапува.

Член 4

Такса за поднесоци и одлуки на судот во управен спор се плаќа само ако тужбата или жалбата, како и вонредното правно средство, бидат правосилно одбиени или отфрлени.

Обврската за плаќање такса од став 1 на овој член настанува во рок од 15 дена од денот на приемот на налогот за плаќање такса.

Член 5

Ако со овој закон не е поинаку, определено кај судовите на федерацијата таксите се плаќаат во судски таксени марки од емисијата која важи на територијата на републиката односно на автономната покраина на која таксениот обврзник има живеалиште или престојувалиште односно седиште.

Таксата се плаќа во готови пари само ако таксениот обврзник е должен за поднесокот или за судската одлука односно дејствие да плати износ на такса поголем од 200 динари.

Таксата од став 2 на овој член се плаќа на определена уплатна сметка на приходите од сојузни судски такси кај Службата на општественото книговодство Потврдата за уплатата на таксата се прилага кон поднесокот за кој е платена таксата а кога се поднесува потврда за платената такса за суд-

ска одлука, таксениот обврзник е должен на таа потврда да го назначи бројот на одлуката за која се плаќа таксата.

Таксените марки се лепат на поднесокот односно на судскиот спис и се поништуваат според прописите за поништување на таксените марки.

Странските државјани и лицата без државјанство што привремено престојуваат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија плаќаат такса во марки од емисијата која важи на територијата на републиката односно на автономната покраина на која се наоѓа седиштето на судот за чии дејствија се плаќа таксата.

Член 6

При плаќањето на таксата се врши заокружување на вкупниот износ на таксата на тој начин што делот на вкупниот износ до 50 пари не се зема предвид, а делот над 50 пари се заокружува на еден динар.

Член 7

Неплатената или недоволно платената такса не го задржува текот на судската постапка.

Ако странката бара, судот на федерацијата е должен да прими непосредно од странката и поднесоци што не се таксирани или што се недоволно таксирани.

Член 8

Правото на наплата на таксата застарува за две години по истекот на годината во која требало да се плати таксата.

II. Ослободување од плаќање на такса

Член 9

Од плаќање на такса се ослободени:

1) општествено-политичките заедници и нивните органи и организации, општествено-политичките организации и месните заедници;

2) општествениот правобранител на самоуправувањето;

3) Службата на општественото книговодство;

4) организациите на Црвениот крст;

5) граѓаните за кои, според прописите на општествено-политичката заедница на чија територија имаат живеалиште, се смета дека се со слаба имотна состојба.

Странска држава е ослободена од плаќање на такса ако е тоа предвидено со меѓународен договор или под услов на заемност.

Во случај на сомневање за постоењето на заемност, објаснение дава сојузниот орган на управата надлежен за работите на правосудството.

Член 10

За ослободување од плаќање на такса во процесната постапка и во постапката во управни спорови се применуваат одредбите на Законот за процесната постапка.

Одредбите на Законот за процесната постапка се применуваат и на ослободувањето од плаќање на такса во кривичната постапка по приватна тужба и во постапката по барање за судска заштита.

По сите прашања во врска со ослободувањето од плаќање на такса во смисла на ст. 1 и 2 од овој член, сообразно ќе се применуваат прописите за судските такси на републиката односно на автономната покраина на чија територија се наоѓа судот односно органот пред кој се води спорот односно постапката во прв степен.

III. Утврдување на вредноста на предметот на спорот заради наплата на таксата

Член 11

За утврдување на вредноста на предметот на спорот заради наплата на такса пред судовите на федерацијата сообразно ќе се применуваат прописите за судските такси на републиката односно на автономната покраина на чија територија се наоѓа судот односно органот пред кој се водел спорот односно постапката во прв степен.

IV. Наплата на неплатена такса

Член 12

Наплатата на неплатена такса се врши под условите и на начинот што се предвидени со прописите за судските такси на републиката односно на автономната покраина на чија територија се наоѓа судот односно органот пред кој се води спорот односно постапката во прв степен.

Член 13

Ако вкупно неплатената такса по еден предмет на спорот во постапка пред судот на федерацијата, кој правосилно е окончан, не го надминува износот од 20 динари, нема да се преземаат мерки за наплата на такса ниту ќе се поведува постапка за присилна наплата.

Член 14

Присилно наплатената такса, редовна и казнена, ако е во прашање такса што се плаќа во готови пари, органот ја уплатува на начинот предвиден во член 5 став 3 на овој закон.

V. Поврат на таксата

Член 15

Лицето што платило такса која не била должно да ја плати или платило такса во износ поголем од пропишаниот, има право на поврат на таксата.

Постапката за поврат на таксата се поведува по барање на странката.

Решение за поврат на таксата платена во готови пари донесува сојузниот орган на управата надлежен за работите на финансиите. Повратот на таа такса се врши врз товар на приходите на буџетот на федерацијата.

За барањето за поврат на таксата платена во таксени марки решава надлежниот орган во републиката, односно автономната покраина на чија територија подносителот на барањето има живеалиште или престојувалиште односно седиште.

Ако поврат на таксата платена во таксени марки бара странски државјанин или лице без државјанство кое привремено престојува во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, решение за тоа барање донесува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чија територија се наоѓа седиштето на судот за чие дејствие била платена таксата.

Член 16

Барањето за поврат на таксата се поднесува до судот на федерацијата кој решавал во прв степен. Барањето, со мислење и со потребните списи, судот ќе го достави до сојузниот орган на управата надлежен за работите на финансиите ако се бара поврат на таксата платена во готови пари, а ако се бара поврат на таксата платена во таксени марки — до надлежниот орган на републиката односно на

автономната покраина на чија територија подносителот на барањето има живеалиште или престојувалиште односно седиште.

Правото на поврат на таксата застарува за две години по истекот на годината во која одлуката на судот на федерацијата станала правосилна.

VI. Преодни и завршни одредби

Член 17

За поднесоците, дејствијата и исправите според кои таксената обврска настанала до денот на влегувањето во сила на овој закон, таксата се плаќа во височина, под услови и на начин уреден со прописите и со Таксената тарифа што биле во сила до тој ден.

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за сојузните судски такси („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72).

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

ТАКСЕНА ТАРИФА

I. Процесна постапка

Тар. број 1

За тужба, за предлог за повторување на постапката, за одговор на тужба, за пресуда, за порамнување, за жалба против пресуда или решение и за одговор на жалба во постапката пред воени судови, таксата се плаќа според судската таксена тарифа на републиката односно на автономната покраина на чија територија се наоѓа воениот суд од прв степен.

II. Кривична постапка по приватна тужба

Тар. број 2

За приватна тужба, за противтужба, за предлог за враќање во поранешната состојба, за барање за повторување на кривичната постапка, за првостепена пресуда, за решение на првостепениот суд со кое се изрекува судска опомена, за жалба против пресуда и за жалба против решение со кое се изрекува судска опомена во постапката пред воен суд од прв степен, таксата се плаќа според судската таксена тарифа на републиката односно на автономната покраина на чија територија се наоѓа судот.

III. Постапка по барање за судска заштита

Тар. број 3

За барање за судска заштита против решение за прекршок, што го донел Сојузниот совет за прекршоци и за одлука по тоа барање, се плаќа 50 динари.

IV. Постапка во управни спорови

Тар. број 4

(1) За тужба против управен акт и за жалба против одлука на првостепен суд се плаќа 50 динари.

(2) За тужба за обнова на постапката се плаќа 60 динари.

Забелешки:

1. Според овој тарифен број такса се плаќа и во управно-сметковен спор.

2. Во споровите за девизни работи се плаќа такса зголемена за 100%.

3. За поднесоците што не се наведени во овој тарифен број, како и за прилозите кон поднесоците, не се плаќа такса.

Тар. број 5

(1) За пресуда во постапката во управен спор, се плаќа:

1) ако предметот на спорот е проценлив — 1% од вредноста на спорниот предмет, а најмногу 500 динари;

2) ако предметот на спорот е непроценлив — 50 динари.

Забелешки:

1. Таксата од точка 1 на овој тарифен број не може да биде помала од 50 динари.

2. Ако предметот на спорот е делумно проценлив, а делумно непроценлив, таксата се плаќа за делот што е проценлив.

3. Ако се во прашање боречко-инвалидски работи и работи на социјалното осигурување, таксата се плаќа како за предмет на спорот од непроценлива вредност.

4. Во спорови за девизни работи таксата за пресуда се плаќа зголемена за 100%.

5. Според овој тарифен број таксата се плаќа и за одлука во управно-сметковен спор.

6. За одлуки што не се наведени во овој тарифен број не се плаќа такса.

7. Дали вредноста на предметот на спорот е проценлива или непроценлива, одлучува судот по слободна оцена.

8. Проценлив е оној управен спор чија вредност може несомнено да се утврди.

V. Посебни случаи

Тар. број 6

(1) За поднесок со кој се бара издавање на уверение, се плаќа 4 динари.

(2) За уверение се плаќа 10 динари.

Забелешки:

1. Ако со едно уверение се посведочуваат повеќе факти, особини, односи или околности, се плаќа една такса.

2. За потврда дека таксата е платена, издадена во форма на уверение, таксата се плаќа според овој тарифен број. Не се плаќа такса ако се издава само признаница за платена такса.

3. Не се плаќа такса од овој тарифен број за потврди што судот ги издава на странка, на сведок, на вештак или на толкувач дека присуствувале на рочиштето, ако биле должни да присуствуваат и ако таа потврда им служи исклучително за правдање на изостанокот од работа.

4. За потврда за правосилноста или извршноста која се става на судска отправка, не се плаќа такса.

5. Таксата за уверение се лепи на поднесокот со кој се бара издавање на уверение.

6. Ако уверението се издава во два или повеќе примероци, за вториот или за секој натамошен примерок се плаќа една половина од таксата од овој тарифен број.

Тар. број 7

(1) За издавање на усно полномошно на записник пред судот, се плаќа 10 динари.

(2) За усно отповикување или откаѕ на полномошно пред судот се плаќа 10 динари.

(3) За судско известување за отповик или за откаѕ на полномошно, се плаќа 10 динари.

Забелешки:

1. Ако повеќе лица овластени за потпишување на правно лице му издаваат полномошно на еден застапник, таксата се плаќа за едно полномошно.

2. Не се плаќа такса за писмено полномошно што незаверено се поднесува до судот како доказ за застапување.

3. Не се плаќа такса од овој тарифен број за издавање на усно полномошно на записник пред судот во кривична постапка за дела за кои се гони по службена должност.

4. Таксата според овој тарифен број се лепи на судскиот записник.

5. За издавање на усно полномошно според став 1. од овој тарифен број се плаќа една такса и кога повеќе лица истовремено му издаваат полномошно на едно лице или на поголем број лица.

Тар. број 8

За разгледување на свршени судски списи, се плаќа 15 динари.

Забелешки:

1. Не се плаќа такса за разгледување на списи по кои постапката е во тек, ако списите ги разгледува странката или нејзин застапник односно полномошник.

2. Таксата од овој тарифен број се лепи на списот што се разгледува, а службеното лице потврдува дека списот е разгледан.

3. За писмено или усно барање да се допушти разгледување на списи, не се плаќа такса.

Тар. број 9

За препишување на судски акти што ги извршил судот по барање на странката, се плаќа од полутабак на оригиналот 20 динари.

Забелешки:

1. За писмено или усно барање да се изврши препишување, таксата се плаќа според тар. број 6 став 1 од оваа тарифа.

2. Таксата за препишување се лепи на молбата со која е барано препишување, а во случај на усна молба — на списот.

3. Како полутабак се смета лист хартија од две страни во нормална канцелариска големина со тоа што започнатиот полутабак се смета како цел полутабак.

4. Ако препишувањето се врши на странски јазик, таксата од овој тарифен број се зголемува за 100%.

5. За препис на расправен записник што е изработен истовремено со составувањето на изворникот (преку индиго), се плаќа една половина од таксата од овој тарифен број.

Тар. број 10

За опомена со која некој се повикува да плати такса што бил должен да ја плати без опомена, се плаќа 10 динари.

694.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ НАСТАНАТИ КАЈ БАНКИТЕ ВО 1980 ГОДИНА ПО ОСНОВА НА ПРОМЕНИТЕ НА КУРСОТ НА ДИНАРОТ И ПО ОСНОВА НА ТЕКУШТОТО ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ НА БАНКИТЕ

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за покритие на курсните разлики настанати кај банките во 1980 година по основа на промените на курсот на динарот и по основа на текуштото девизно работење на банките, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 ноември 1981 година.

П бр. 135
26 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ НАСТАНАТИ КАЈ БАНКИТЕ ВО 1980 ГОДИНА ПО ОСНОВА НА ПРОМЕНИТЕ НА КУРСОТ НА ДИНАРОТ И ПО ОСНОВА НА ТЕКУШТОТО ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ НА БАНКИТЕ

Член 1

Во Законот за покритие на курсните разлики настанати кај банките во 1980 година по основа на промената на курсот на динарот и по основа на текуштото девизно работење на банките („Службен лист на СФРЈ“, бр. 11/81) во називот по бројот: „1980“ се додаваат зборовите: „и 1981“.

Член 2

Во член 1 став 1 по бројот: „1980“ се додаваат зборовите: „и во 1981“.

Член 3

Во член 2 став 1 по зборот: „година“ се додава запирка и зборовите: „со тоа што со една десеттина се опфаќаат, почнувајќи од завршната сметка за 1981 година, и курсните разлики настанати по текуштото девизно работење на банките во 1981 година.“

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

695.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА И НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за ревалоризација на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка на корисниците на општествени средства, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 26 ноември 1981 година.

П бр. 124
26 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ
Драгослав Марковиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА И НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во Законот за ревалоризација на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка на корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/75, 60/75 и 22/78) член 1 се менува и гласи:

„Ревалоризацијата е усогласување на набавните и на отпишаните вредности на градежни објекти, опрема, долгогодишни насади, плантажи на дрвја, приплоден и работен добиток и земјиште (градежно, земјоделско и друго), искажани во книговодството на корисникот на општествени средства, со пазарните цени на тие предмети на денот кога се врши ревалоризацијата (во натамошниот текст: ревалоризација на предмети).“

Член 2

Член 2 се менува и гласи:

„Ревалоризацијата на предметите, според одредбите на овој закон, се должни да ја вршат основните организации на здружен труд, работните организации што во својот состав немаат основни организации на здружен труд, договорните организации на здружен труд, земјоделските и други задруги, основните задружни организации, основните организации на кооперанти, работните организации на кооперанти и другите форми на здружување на земјоделски или други индивидуални производители, заедниците за осигурување на имоти и лица, заедниците за ризици, заедниците за реосигурување, самоуправните интересни заедници, месните и другите самоуправни организации и заедници и нивните здруженија, банките и другите финансиски организации, органите и организациите и фондовите на општествено-политичките заедници, Службата на општественото книговодство, општествено-политичките организации, општествените организации, работните заедници и другите корисници на општествени средства (во натамошниот текст: корисниците на општествени средства).

Корисниците на општествени средства се должни според одредбите на овој закон да вршат ревалоризација на предмети на претпријата во странство што тие ги основале или во кои учествуваат како основачи; за вршење на дејностите на банките и на други финансиски организации и на осигурителните и реосигурителните организации во странство што тие ги основале или во кои учествуваат како основачи и за вршење на дејностите на погони и други работни единици во странство за кои водат посебно книговодство.“

Член 3

Член 3 се менува и гласи:

„Договорните организации на здружен труд, земјоделските и други задруги, основните задружни организации, основните организации на кооперанти работните организации на кооперанти и другите форми на здружување на земјоделски или други индивидуални производители, според одредбите на овој закон, вршат ревалоризација на предметите што се во општествена сопственост.“

Член 4

Член 6 се менува и гласи:

„За предметите набавени (купени, изградени или доградени) од здружени средства, ревалоризација врши корисникот на општествени средства кај кого таквите предмети се наоѓаат во времето кога се врши ревалоризацијата.“

Член 5

Член 7 се менува и гласи:

„Предметите од член 1 на овој закон во изградба односно во подигање не подлежат на ревалоризација за времето додека трае нивната изградба односно подигање.

Во смисла на овој закон, се смета дека изградбата односно подигањето е завршено кога предметите од член 1 на овој закон се оспособени за вршење на функцијата за која се наменети. Се смета дека градежните објекти и предметите на опремата се оспособени за вршење на функцијата ако се извршени сите работи, односно сите работи предвидени со проекната документација врз основа на која се врши нивната изградба односно набавка. Се смета дека долгогодишните насади се оспособени за функцијата кога насадот ќе почне да дава плод, односно кај плантажата на дрвја — кога дрвјата ќе ја достигнат зрелоста за редовна сеча. Оспособеноста на приплодниот и работниот добиток настанува кога добитокот ќе почне да се користи за приплод, односно за работа.“

Член 6

Член 9 се менува и гласи:

„Со самоуправен општ акт на корисникот на општествени средства од ревалоризација можат да се изземат градежните објекти односно предметите на опремата што, на начин пропишан со сојузен закон, се ставени трајно надвор од употреба.“

Член 7

Во член 10 зборовите: „На обврската за ревалоризација според овој закон подлежат и шуми, станбени згради и станови“ се заменуваат со зборовите: „Начинот на ревалоризација пропишан со овој закон за плантажите на дрвја се применува и на шуми.“.

Член 8

Во член 11 став 2 по зборовите: „ревалоризација“ се додаваат зборовите: „на предметите“, зборовите: „на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка“ се бришат, а зборот: „две“ се заменува со зборот: „една“.

Член 9

Во член 12 став 1 зборовите: „што претставуваат основни средства или средства за заедничка потрошувачка“, во став 2 зборовите: „што претставуваат основни средства, односно средства за заедничка потрошувачка“ и во став 3 зборовите: „што претставуваат основни средства и средства за заедничка потрошувачка“ и зборовите: „како основни средства или средства за заедничка потрошувачка“ — се бришат.

Став 5 се менува и гласи:

„Ако за набавка на предметите од член 1 на овој закон е користен кредит, заем или друго задолжување во странство па, поради промена на курсот на динарот во однос на странската валута, во набавните и во отпишаните вредности на предметите се содржани и курсните разлики настанати по основа на отплатата на кредитот, заемот или другото задолжување во странство, заради утврдување на основицата за ревалоризација од набавната и отпишаната вредност се изземаат и курсните разлики содржани во тие вредности.“

Член 10

Во член 13 став 1 зборовите: „како и за станбени згради и станови во општествена сопственост за кои со републички односно со покраински закон не е поинаку определено“ се бришат.

Ставот 2 се заменува со два нови става, кои гласат:

„Ако претпријатија, банки и други финансиски организации, за осигурителни и реосигурителни организации, за погони и други работни единици во странство вредноста на предметите во книговодството на корисникот на општествени средства се искажува во странска валута, коефициентите за ревалоризација определени според годишните индекси на цените за ревалоризацијата што ги утврдил Сојузниот завод за статистика во согласност со член 14 на овој закон, се намалуваат односно се зголемуваат за настанатата промена на курсот на динарот во однос на странската валута во периодот за кој се утврдени коефициентите за ревалоризација.

Намалување односно зголемување на коефициентите за ревалоризација, во смисла на став 2 од овој член, врши корисникот на општествени средства така што утврдениот коефициент за ревалоризација го зголемува за индексот на порастот на курсот на динарот во однос на странската валута, односно така што утврдениот коефициент за ревалоризација го намалува за индексот на намалувањето на курсот на динарот во однос на странската валута.“

Член 11

Во член 14 став 2 се менува и гласи:

„Годишните индекси на цените од став 1 на овој член се утврдуваат за периодот од 1 октомври на изминатата до 30 септември тековната година, во однос спрема 12 изминати месеци, а се објавуваат во „Службен лист на СФРЈ“, најдоцна до 31 декември од годината за која се врши ревалоризација.“

Член 12

Во член 15 став 1 се менува и гласи:

„За градежни објекти и за предмети на опремата што не се распоредени ниту во една група за ревалоризација, за спроведување на ревалоризацијата се применува коефициентот на ревалоризацијата утврден според годишниот индекс на цените што Сојузниот завод за статистика го утврдил за групата во која се распоредени стручни предмети.“

Член 13

Член 16 се менува и гласи:

„Ревалоризација на приплоден и работен добиток се врши според просечната пазарна цена на таквиот добиток на крајот на годината за која се врши ревалоризација.

Ревалоризација на долгогодишни насади се врши според просечните пазарни цени на работите и на материјалите потребни за подигање на насадите и за одржување на насадите во годината за која се врши ревалоризација.

За плантажите на дрвја, а ако со републички односно со покраински закон не е поинаку определено и за шумите, ревалоризација се врши врз основа на индексот на цените утврден по кубен метар дрвна маса и со множење на вкупната дрвна маса што плантажата односно шумата ја содржи со тој индекс. Количеството на дрвна маса што плантажата односно шумата ја содржи и нејзината старосна и квалитативна структура се определуваат според критериумите утврдени со самоуправниот општ акт, и цената по еден кубен метар — според податоците од сопствената документација на корисникот на општествени средства, односно од документацијата што на корисникот на општествени средства му е достапна.“.

Член 14

Во член 19 став 1 зборовите: „разлика поголема од 10%“ се заменуваат со зборовите: „разлика поголема од 5%“.

Во став 3 зборовите: „поголема од 10%“ се заменуваат со зборовите: „поголема од 5%“.

Член 15

Во член 20 зборовите: „што претставуваат основни средства или средства за заедничка потрошувачка“ се заменуваат со зборовите: „од член 1 на овој закон“, а зборовите: „за која се ревалоризираат средствата“ се заменуваат со зборовите: „кога е утврдено дека такви предмети постојат“.

Член 16

Во член 21 зборовите: „што претставуваат основни средства и средства за заедничка потрошувачка“ се бришат, а процентот: „10%“ се заменува со процентот: „5%“.

Член 17

Во член 22 зборовите: „што претставуваат основни средства и средства за заедничка потрошувачка“ се бришат.

Член 18

Во член 24 се додаваат нови ставови 2 и 3 кои гласат:

„Во член 24 зборовите: „односно на соодветните извори на средства кај органите, организациите и заедниците од член 1 став 2 на овој закон“ и запирката се бришат.

Се овластува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата за работи на финансиите да го пропише начинот на утврдување, искажување и распоредување на резултатите од ревалоризацијата, како и начинот и рокот за доставување на податоците за извршената ревалоризација и за обработката на податоците за извршената ревалоризација за потребите на општествената евиденција.“

Член 19

Во член 25 зборовите: „односно на соодветните извори на средства кај органите, организациите и заедниците од член 1 став 2 на овој закон“ и запирката се бришат“.

Член 20

Во член 25 зборовите: „заедно со завршната сметка", се бришат.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Службата на општественото книговодство, најдоцна во рок од 60 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на податоците за резултатите и ефектите од спроведената ревалоризација, е должна да изврши обработка на податоците за резултатите и ефектите од спроведената ревалоризација по дејностите утврдени со Одлуката за единствената класификација на дејностите, а во рамките на дејностите по видови, категории и групи на средствата."

Член 21

Член 32 се брише.

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", со тоа што член 11 од овој закон се применува од 1 јануари 1982 година.

696.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И НА ДРУГИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за амортизација на основните средства на основните организации на здружен труд и на други корисници на општествени средства, што го усвои Собранието на СФРЈ на седниците на Сојузниот собор од 26 ноември 1981 година.

П бр. 123
26 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА НА ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И НА ДРУГИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во Законот за амортизација на основните средства на основните организации на здружен труд и на други корисници на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76) член 1 се менува и гласи:

„Пресметување на амортизацијата и исправка на вредноста за основните средства и за објектите и опремата за заедничка потрошувачка (во натамошниот текст: основни средства и средства за заедничка потрошувачка), според одредбите на овој закон, се должни да вршат основните организации на здружен труд, работните организации што во својот состав немаат основни организации на здружен труд, договорните организации на здружен труд, земјоделските и други задруги, основните задружни организации, основните организации на кооперанти, работните организации на кооперанти и други форми на здружување на земјоделци или на други индивидуални производители, заедниците за осигурување на имоти и лица, заедниците за ризици и заедниците за реосигурување, самоуправните интересни заедници, месните заедници и другите самоуправни организации и заедници и нивните здруженија, банките и другите финансиски организации, органите и организациите и фондовите на општествено-политичките заедници, Службата на општественото книговодство, општествено-политичките организации, општествените организации, работните заедници и други корисници на општествени средства (во натамошниот текст: корисници на општествени средства).

Корисниците на општествени средства се должни, според одредбите на овој закон, да вршат амортизација и исправка на вредноста и за основните средства и за средствата за заедничка потрошувачка: на претпријатијата во странство што ги основале тие или во кои учествуваат како основачи, за вршење дејности на банки и други финансиски организации и на осигурителни и реосигурителни организации во странство што ги основале тие или во кои учествуваат како основачи и за вршење дејности на погони и други работни единици во странство — за кои водат посебно книговодство.

Амортизација и исправка на вредноста на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка, според одредбите на овој закон, вршат и корисниците на општествени средства во основање."

Член 2

Во член 2 став 2 зборовите: „во основните организации и кај други корисници" се заменуваат со зборовите: „на корисниците на општествени средства", а по зборовите: „основните средства" се додаваат зборовите: „и на средствата за заедничка потрошувачка".

Член 3

Член 3 се менува и гласи:

„Корисниците на општествени средства во стечај односно во редовна ликвидација не вршат амортизација и исправка на вредноста на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка од денот на отворањето на стечајот односно на ставањето во редовна ликвидација."

Член 4

Член 4 се менува и гласи:

„Амортизација и исправка на вредноста, според одредбите на овој закон, се врши и за основните средства што претставуваат капацитети за производство на предмети на вооружување и воена опрема, со тоа што така пресметаната амортизација корисниците на општествени средства ја користат за набавка на нови основни средства и за други потреби, согласно со одредбите на сојузниот закон со кој се уредува производството на вооружување и воена опрема."

Член 5

Член 5 се менува и гласи:

„Како предмети што, зависно од намената за која служат, претставуваат основни средства и

средства за заедничка потрошувачка, во смисла на овој закон, се сметаат:

1) згради и други градби од надземно и подземно градење и водоградби, вклучувајќи ги и монтажните објекти (во натамошниот текст: градежни објекти);

2) машини, уреди, постројки, средства за превоз, средства за врски, алати, инструменти, прибори и апарати, лаборатории, мебел и инвентар (во понатамошниот текст: опрема);

3) овоштарници, лозја, хмелници, плантажи на дрвја и други повеќегодишни насади (во натамошниот текст: долгогодишни насади);

4) работен и приплоден добиток."

Член 6

Член 6 се менува и гласи:

„Како материјални права што претставуваат основни средства, според одредбите на овој закон, се сметаат:

1) вложувања за набавка на пронајдоци што се штитат со патенти;

2) вложувања за набавка на лиценца (договорна, задолжителна, службена);

3) вложувања за стекнување право на модел, мостра, стоковен или услужен жиг;

4) вложувања врз основните средства на други корисници на општествени средства извршени заради користење на тие средства за вршење на дејноста (вложувања врз туѓи основни средства)."

Член 7

Член 7 се менува и гласи:

„Според одредбите на овој закон, амортизација и исправка на вредноста се вршат и за средствата вложени за стекнување на иновација и други потрајни унапредувања на условите за работа и производство, како и за средствата што не се составен дел на набавната вредност на основните средства или на средствата за заедничка потрошувачка а се потрошени за основање односно за организирање на нов корисник на општествени средства или нова работна односно деловна единица на корисник на општествени средства.

Како средства вложени за стекнување на иновација и други потрајни унапредувања на условите за работа и производство (во натамошниот текст: средства за иновација), според одредбите на овој закон, се сметаат издатоците за изработка на студии, анализи, проекти и друга документација за воведување на нов технолошки процес или за унапредување на работата во постојниот технолошки процес, освен издатоците што служат за таа намена а се надоместуваат како материјален трошок според одредбите на Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот.

Како средства што не се составен дел на набавната вредност на основните средства или на средствата за заедничка потрошувачка, а се потрошени за основање на нов корисник на општествени средства или на нова работна односно деловна единица на корисник на општествени средства (во натамошниот текст: основачки вложувања), според одрдбите на овој закон, се сметаат: издатоците за изработка на елаборати и друга документација врз основа на која е извршено основањето односно организирањето на нов корисник на општествени средства или на нова работна односно деловна единица на корисник на општествени средства; издатоците за лични доходи и други потреби на работниците за време на основањето односно на организирањето на корисникот на општествени средства и издатоците за образование и стручно обучување на работниците за време на траењето на основањето односно организирањето на корисникот на општествени средства; издатоците за платена камата пресметана за време на користењето на инвестиционен кредит во текот на основањето односно организирањето на нов корисник на општествени средства или на нова работна односно деловна единица на корисник на општествени средства, како и другите издатоци што се направени за основање на новиот корисник на општествени средства односно на нова работна односно деловна единица на корисник на општествени средства, а не се содржани во претсметковната вредност утврдена во инвестициониот елаборат или во другата инвестиционо-техничка документација, врз основа на која е извршена набавката на основните средства односно на средствата за заедничка потрошувачка."

Член 8

Во член 8 став 1 зборовите: „Како предмети што претставуваат основни средства со век на употреба подолг од една година, чија вредност при употребата како средство на трудот и производството не се пренесува врз производите на трудот и не се надоместува како амортизација, во смисла на овој закон, се сметаат", се заменуваат со зборовите: „Амортизација и исправка на вредноста, според одредбите на овој закон, се вршат и за основните средства што ги сочинуваат:".

Ст. 2 и 3 се бришат.

Член 9

Член 9 се менува и гласи:

„Од амортизација и исправка на вредноста се изземаат:

1) градежните објекти и предметите на опрема во изградба, како и долгогодишните насади, плантажите на дрвја и приплодниот и работниот добиток во подигање;

2) градежните објекти и предметите на опремата што имаат карактер на споменици на културата или претставуваат уметничко дело, како и градежните објекти и предметите на опремата што поради својот изглед или реткост се ставени под посебна заштита;

3) книгите, предметите со музејска вредност и предметите на архивската граѓа.

Од амортизација се изземаат градежните објекти и предметите на опремата што наменски служат за народна одбрана, општествена самозаштита, јавна или државна безбедност, како и градежните објекти и предметите на опремата што служат како резервни капацитети за производство на предмети на вооружување и воена опрема, ако со сојузен закон не е поинаку определено."

Член 10

Во член 11 ст. 1 и 2 се заменуваат со нов став 1 кој гласи:

„За градежните објекти и за предметите на опремата амортизацијата се врши од првиот ден на наредниот месец од месецот во кој тие предмети почнале да се користат за работа. За градежните објекти и за предметите на опремата што служат како резервни капацитети амортизацијата се врши од првиот ден на наредниот месец по нивното оспособување за употреба."

Досегашниот став 3 станува став 2.

По став 2 се додаваат нови ст. 3 и 4 кои гласат:

„За долгогодишните насади амортизацијата се врши од 1 јануари наредната година од годината во која насадот је достигнал зрелоста за род, а кај плантажите на дрвја — од годината кога дрвјата достигнале зрелост за редовна сеча.

За приплодниот и работниот добиток амортизацијата се врши од првиот ден на наредниот месец од месецот во кој добитокот почнал да се користи за приплод, односно за работа."

Член 11

Во член 12 став 1 зборовите: „Основната организација односно друг корисник“ се заменуваат со зборовите: „Корисникот на општествени средства“.

Во ст. 1 и 2 по зборовите: „по групите“ се додава запирка и зборовите: „односно по деловите на групите“.

Член 12

Во член 13 став 2 по зборовите: „по групите“ се додава запирка и зборовите: „односно по деловите на групите“, а зборовите: „на сите предмети што ја сочинуваат групата не ќе бидат амортизирани“ се заменуваат со зборовите: „на сите предмети што ја сочинуваат истата група, односно дел од истата група не ќе биде амортизирана“.

Член 13

Во член 14 став 2 зборовите: „на основната организација односно на друг корисник“ се заменуваат со зборовите: „на корисниците на општествени средства“, а во точка 1 зборовите: „на рудници“ се заменуваат со зборовите: „за вршење дејности“.

Во точка 3 на крајот точката и запирката се заменуваат со точка.

Точка 4 се брише.

Член 14

Во член 15 став 1 зборовите: „предметите, што како средства на трудот се искажани во книговодството како основни средства“, се заменуваат со зборовите: „градежните објекти и опремата“, а зборовите: „заради оспособување за вршење на функцијата за која се наменети тие предмети“ се заменуваат со зборовите: „до нивното ставање во употреба“.

Член 15

Во член 16 заградите и зборовите во заградите: „право на патент, право на лиценца, право на модел, право на мостра, право на жиг и право на производствено-техничка документација“ се бришат.

Член 16

Во член 17 став 1 зборовите: „друга основна организација односно на друг корисник“ се заменуваат со зборовите: „друг корисник на општествени средства“.

Став 2 се брише.

Член 17

Член 18 се менува и гласи:

„Основица за амортизација и за исправка на вредноста на средствата за иновација претставува вкупниот износ на издатоците за изработка на студии, анализи, проекти и друга документација за воведување на нов технолошки процес на трудот или за унапредување на работата во постојниот технолошки процес на трудот.

Основица за амортизација и за исправка на вредноста на основачкото вложување претставува збирот на издатоците наведени во член 7 став 3 од овој закон направени во времето на основањето односно на организирањето на новиот корисник на општествени средства или на нова работна односно деловна единица на корисник на општествени средства, а што не се вклучени во набавната вредност на основните средства односно на средствата за заедничка потрошувачка.“

Член 18

Во член 19 став 2 се брише.

Член 19

Член 21 се менува и гласи:

„За основните средства и за средствата за заедничка потрошувачка што се доградени (вклучувајќи ја и доградбата со модернизација, адаптација и реконструкција) и за основните средства и за средствата за заедничка потрошувачка што се реваловизирани, набавната вредност која претставува основица за амортизација и исправка на вредноста се зголемува за износот на вредноста остварена со доградба, односно за разликата утврдена со реваловизацијата. Според така зголемената набавна вредност, како основица, се врши амортизација и исправка на вредноста од првиот ден на наредниот месец по пуштањето на средствата, по извршената доградба, во употреба односно по спроведената реваловизација.

Ако за набавка на основни средства односно на средства за заедничка потрошувачка е користен кредит, заем или друго задолжување во странство, па пред отплатата на таквиот кредит, заем или друго задолжување е променет курсот на динарот во однос на странската валута во која се врши отплатата, во набавната вредност на основните средства односно на средствата за заедничка потрошувачка за кои се користел кредитот, заемот или другото задолжување, се внесува и курсната разлика настаната по основа на отплатата на кредитот, заемот или на другото задолжување во странство.“

Член 20

Во член 22 став 1 зборовите: „основната организација односно на друг корисник“ се заменуваат со зборовите: „корисникот на општествени средства“.

Во став 2 зборовите: „основната организација, односно друг корисник“ се заменуваат со зборовите: „корисникот на општествени средства“.

Во став 3 по зборот: „групите“ се додава запирка и зборовите: „односно деловите на групите“, а по зборот: „групата“ се додава запирка и зборовите: „односно ако групите“.

Член 21

Во член 23 став 3 се менува и гласи:

„За приплоден и работен добиток основица за амортизација и исправка на вредноста претставува разликата помеѓу просечната набавна цена на купениот добиток односно на цената на чинењето на добитокот во сопствен запат и просечната продажна (кланична) цена на таквиот добиток во годината за која се врши амортизација и исправка на вредноста.“

Член 22

Во член 24 став 1 зборовите: „основната организација односно на друг корисник“ се заменуваат со зборовите: „корисникот на општествени средства“.

Член 23

Во член 25 став 1 зборовите: „основната организација односно на друг корисник“ се заменуваат со зборовите: „корисникот на општествени средства“.

Член 24

Во член 26 став 1 зборовите: „основната организација односно друг корисник“ се заменуваат со зборовите: „корисникот на општествени средства“.

Член 25

Во член 27 став 2 зборовите: „основната организација односно друг корисник“ се заменуваат со зборовите: „корисникот на општествени средства“.

Член 26

Во член 28 став 2 зборовите: „со тоа што вкупниот износ на амортизацијата пресметан во изминатите години“ се заменуваат со зборовите: „со тоа што вкупниот износ на амортизацијата за групите

односно за деловите на групите во кои се основните средства распоредени со овој закон, пресметан во претходните години".

Став 3. се брише.

Член 27

Во член 29 став 2 зборовите: „по друга основа на користење" се заменуваат со зборовите: „по друга основа на користење (освен надоместите за стопанисување за здружените средства".

Во став 3 зборовите: „основните организации односно другите корисници" се заменуваат со зборовите: „корисниците на општествени средства".

Член 28

Во член 31 став 1 зборовите: „друг корисник" се заменуваат со зборовите: „друг корисник на општествени средства".

Став 2 се менува и гласи:

„Одредбата на став 1 од овој член не се применува ако преносот на основните средства се врши поради спроведување на статусни промени. При спроведувањето на статусните промени со преносот на основните средства се пренесува и обврската за надомест на целиот износ на неамортизираната вредност во преостанатиот амортизационен век на траење утврден според стапките пропишани во Номенклатурата на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка за амортизација (во натамошниот текст: Номенклатурата на средствата за амортизација), која е составен дел на овој закон."

Член 29

Во член 32 став 1 зборовите: „основната организација односно друг корисник" се заменуваат со зборовите: „корисникот на општествени средства".

Член 30

Во член 33 став 1 зборовите: „Основната организација односно друг корисник" се заменуваат со зборовите: „Корисникот на општествени средства".

Член 31

Во член 34 став 1 зборовите: „Основната организација односно друг корисник" се заменуваат со зборовите: „Корисникот на општествени средства".

Член 32

Член 35 се менува и гласи:

„Стапките за амортизација и исправка на вредноста на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка, според конечната годишна пресметка, не можат да бидат пониски од стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација.

За основните средства односно за средствата за заедничка потрошувачка што не се наведени во Номенклатурата на средствата за амортизација, обврската за амортизација и исправка на вредноста се врши со примена на стапката што во Номенклатурата на средствата за амортизација е пропишана за средствата што со тие средства се најсродни. Сродноста се определува според видот на средствата и за средствата од ист вид според намената за која служат средствата, а во рамките на истата намена — според видот на материјалот употребен за нивна изградба односно изработка и кај средствата изградени односно изработени од ист материјал — според начинот на кој средствата се употребуваат за работа (автоматско, полуавтоматско, механичко, полумеханичко и рачно управување).

Ако средствата служат за различни намени или ако за нивната изградба односно изработка е употребен различен материјал, сродноста се определува според претежноста на намената за која служат, односно според претежноста на материјалот користен за нивна изградба односно изработка."

Член 33

Член 36 се менува и гласи:

„Стапките за амортизација и исправка на вредноста пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација се применуваат при составувањето на конечната годишна пресметка, без оглед на интензитетот на користењето на средствата во годината за која се врши конечна пресметка на амортизацијата односно конечна пресметка на исправката на вредноста.

По исклучок од став 1 на овој член, со пропис на Сојузниот извршен совет може да се определи обврска за зголемување на амортизацијата во конечната годишна пресметка за предметите на опрема што во Номенклатурата на средствата за амортизација се распоредени како опрема за вршење на дејности на рудници, дејности на индустрија и дејности на сообраќај ако се користат со интензитет на работа поголем од интензитет на работа според кој е определена височината на годишната стапка за амортизација и за исправка на вредноста.

Со прописот од став 2 на овој член се определуваат и критериумите врз основа на кои се утврдува поголемиот интензитет на работа на опремата за вршење на дејности од областа на индустријата и рударството, односно на предметите на опрема што служат како средства за превоз.

Амортизацијата пресметана според прописот од став 2 на овој член се надоместува како и амортизацијата пресметана според стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација."

Член 34

Во член 37 став 1 зборовите: „не може да биде пониска од 50% од стапката што за соодветните основни средства е утврдена во член 35 од овој закон" се заменуваат со зборовите: „може да биде до 50% пониска од стапката што за тие средства е пропишана во Номенклатурата на средствата за амортизација", а зборовите: „основната организација односно друг корисник" се заменуваат со зборовите: „корисникот на општествени средства".

Во став 2 зборовите: „не може да биде пониска од 50% од стапката што за соодветните основни средства е утврдена во член 35 на овој закон" се заменуваат со зборовите: „може да биде до 50% пониска од стапката што за тие средства е пропишана во Номенклатурата на средствата за амортизација"

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„За предметите на опремата чија побрза замена е неопходна поради промени во техниката и технологијата, стапките на амортизација пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација, врз основа на самоуправниот општ акт на корисникот на општествени средства, можат да се зголемат до 20%, а износот на амортизацијата пресметен по така зголемените стапки се надоместува како амортизација пресметана по стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација."

Член 35

Член 38 се менува и гласи:

„За материјалните права од член 6 на овој закон се применува стапката на амортизацијата од Номенклатурата на средствата за амортизација ако со договор не е определен пократок рок на користење на материјалното право. Ако со договор е определен пократок рок на користење на материјалното право од рокот што се добива со примената на стапката од Номенклатурата на средствата за амортизација, амортизацијата се врши во рокот определен со договорот."

Член 36

Во член 39 став 2 се менува и гласи:

„Исправката на вредноста на становите и на станбените згради во општествена сопственост се врши по стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација, ако со прописот од став 1 на овој член не е определена поголема стапка за амортизација.“

Член 37

Член 41 се менува и гласи:

„За средствата за заедничка потрошувачка што служат за стекнување на вкупниот приход односно на приходот, амортизација и исправка на вредноста се вршат по стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација.

За средствата за заедничка потрошувачка што не служат за стекнување на вкупниот приход односно на приходот не се врши амортизација, а се врши исправка на вредноста по стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација.

Паричните средства остварени од продажба на објекти односно опрема за заедничка потрошувачка, по одбивањето на трошоците за нивниот промет, како и паричните средства остварени од наплатената закупнина за објекти и опрема за заедничка потрошувачка, по одбивањето на амортизацијата и трошоците за одржување на тие предмети и другите издатоци во врска со давањето под закуп, се внесуваат во фондот за заедничка потрошувачка на крајот од годината во која е извршена наплатата на тие износи.“

Член 38

Член 42 се менува и гласи:

„Амортизацијата пресметана по стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација, посебно за основните средства а посебно за средствата за заедничка потрошувачка, се искажува во конечната годишна пресметка и во исправката на вредноста посебно за градежните објекти, посебно за опремата за вршење на основната дејност, посебно за опремата за превоз и за средства за врски посебно за другата опрема и посебно за другите основни средства (долгогодишни насади, плантажи на дрвја, приплоден и работен добиток, материјални права, основачки вложувања). Во тие рамки, амортизацијата се искажува одвоено и по групи односно по делови на групи во кои основните средства односно средствата за заедничка потрошувачка се распоредени во Номенклатурата на средствата за амортизација.

Амортизацијата пресметана за основните средства служи за замена на основните средства што се физички дотраени или технички застарени, за набавка на нови основни средства за проширување на материјалната основа на другот, за отплата на инвестиционите кредити и за обезбедување на сопствено учество при користењето на кредити за набавка на основни средства, за здружување со други корисници на општествени средства и за други намени за кои служат сопствените деловни средства.

Амортизацијата за средствата за заедничка потрошувачка служи за набавка на објекти и опрема за заедника потрошувачка заради замена на објектите и опремата што се физички дотраени или технички застарени за употреба, за отплата на кредитите користени за објектите и опремата за заедничка потрошувачка и за обезбедување на сопствено учество при користењето на тие кредити, за здружување на средствата со други корисници на општествени средства заради набавка на нови објекти и опрема за заедничка потрошувачка и за други потреби за заедничка потрошувачка, со тоа што амортизацијата пресметана за станбени згради и станови во општествена сопственост може да се користи само за финансирање на станбената изградба и за задоволување на други станбени потреби.“

Член 39

Член 43 се менува и гласи:

„Со парична казна од 100.000 до 1,000.000 динара ќе се казни за стопански престап корисник на општествени средства, освен органите и организациите на општествено-политичките организации и на месните заедници:

1) ако не врши амортизација и исправка на вредноста на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка на претпријатието, на други организации и работни и деловни единици во странство (член 1 став 2);

2) ако за амортизацијата применува пониски стапки од стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација (член 2 став 2), освен за исклучоците пропишани во овој закон;

3) ако амортизацијата пресметана за средствата што претставуваат капацитети за производството на вооружување и друга воена опрема не ја користи за целите предвидени во член 4 од овој закон;

4) ако како основни средства односно како средства за заедничка потрошувачка не ги искаже предметите што, според овој закон, се сметаат како основни средства односно како средства за заедничка потрошувачка (член 5);

5) ако како основни средства не ги искаже материјалните права што, според овој закон, се сметаат како основни средства (член 6);

6) ако во средствата за стекнување на иновации или во основачките вложувања ги внесе издатоците што, според овој закон, не се сметаат како издатоци за иновација односно како основачки вложувања (член 7);

7) ако врши амортизација и исправка на вредноста за средствата што се изземени од тие обврски (член 9);

8) ако предметите на опремата ги искаже во основните средства, односно во средствата на ситниот инвентар со критериумите пропишани според овој закон (член 10);

9) ако амортизацијата и исправката на вредноста по прашањето за почетокот и траењето на обврската, определувањето на основицата за пресметка, утврдувањето и примената на стапките, примената на рокот и составувањето на конечната годишна пресметка, не ги врши на начинот пропишан со овој закон (чл. 11 до 28);

10) ако паричните средства остварени од продажба или од давање на основни средства под закуп или на користење по друга основа, по одбивањето на трошоците на продажбата односно на трошоците на средствата дадени под закуп или на користење по друга основа, не ги внесе во сопствените деловни средства (член 29);

11) ако неамортизираната вредност на основното средство продадено по пониска цена или на основното средство пренесено без надомест, како и на основното средство расходувано поради физичка или техничка застареност во годината кога е извршена продажба, пренос или расходување, не ја надомести од средствата на резервите или од вкупниот приход (чл. 30 и 31), освен исклучокот пропишан во овој закон;

12) ако за амортизацијата примени повисоки стапки од стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација, а повисоки стапки не се определени во самоуправниот општ акт односно ако средствата на заедничкото вложување не се во согласност со договорот за заедничкото вложување (чл. 26 и 33 ст. 1 до 3);

13) ако за амортизацијата примени прогресивни или дегресивни стапки што во просек се пониски од стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација (член 33 став 4);

14) ако за амортизација и исправка на вредноста не ги распореди основните средства, односно средствата за заедничка потрошувачка во амортизационите групи и делови на групи утврдени во Номенклатурата на средствата за амортизација, како и ако за амортизацијата и исправката на вредноста не ги примени стапките пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација (член 35);

15) ако за предметите на опремата што служат за вршење на дејности од областа на индустријата и рударството или што се средство за превоз, а кои се искористени со поголем интензитет на работа, во конечната годишна пресметка на амортизацијата не ја зголеми амортизацијата на начинот и во износите според овој закон (член 36);

16) ако при користењето на можностите за намалување на пропишаната стапка за амортизација во првите години за новите основни средства, како и при користење на можностите за зголемување на пропишаната стапка за амортизација за предмети на опремата чија брза замена е неопходна поради промената во техниката и технологијата, постапи спротивно на овој закон (член 37);

17) ако не врши исправка на вредноста на становите и станбените згради во општествена сопственост согласно со овој закон (член 39 став 2);

18) ако за средствата за заедничка потрошувачка не врши амортизација и исправка на вредноста согласно со овој закон (член 41 ст. 1 и 2);

19) ако паричните средства остварени од продажба и давање под закуп на средствата за заедничка потрошувачка, по одбивањето на трошоците, не ги внесе во фондот на заедничката потрошувачка (член 41 став 3);

20) ако во конечната пресметка амортизацијата и исправката на вредноста не ги искаже на начинот пропишан во овој закон (член 42).

За дејството од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 10.000 до 50.000 динари и одговорното лице во органот и организацијата на општествено-политичка организација и месна заедница и на други корисници на општествени средства."

Член 40

Член 44 се менува и гласи:

„Стапките за амортизација и исправка на вредноста пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација се применуваат од 1 јануари 1982 година.

Член 41

Член 45 се менува и гласи:

„За основните средства и за средствата за заедничка потрошувачка на органите и организациите на општествено-политичките заедници и на нивните работни заедници и за општествено-политичките и општествените организации чија дејност се финансира од буџетот, до крајот на 1985 година, со пропис на општествено-политичката заедница од чијшто буџет се обезбедуваат средства за финансирање на дејностите, можат да се намалат стапките за амортизација во делот кој го надминува износот на средствата што на органот или на организацијата односно на работната заедница им е даден од буџетот за набавка на опрема или за финансирање на други инвестиции во годината за која се врши амортизација."

Член 42

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

НОМЕНКЛАТУРА

НА СРЕДСТВАТА ЗА АМОРТИЗАЦИЈА

Реден број на групата	Назив на основните средства, односно на средствата за заедничка потрошувачка	Годишна стапка на амортизацијата
1	2	3
	I. ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ	
1.	**Објекти за вршење на дејноста на рудници на јаглен, рудници на метали и рудници на неметали**	
	1) Објекти за хидролошки, сеизмолошки и други испитувања	5
	2) Објекти за утврдување на количествата и квалитетот на јагленот, на рудите на метали и на рудите на неметали (за вршење на истражни и подготвителни работи)	4
	3) Објекти за откривање и објекти за површински копови на јаглен, на метали и на неметали (освен рудниците на сол)	4,5
	4) Подземни простории за експлоатација на јаглен, на метали и на неметали	6,5
	5) Објекти на рудниците на сол:	
	— бунари и други експлоатациони дупчотини за производство на солена вода	20
	— објекти за транспорт на солена вода	5
	— експлоатациони кули и други објекти за производство на сол	10
	6) Пристапни и други патишта, трафостаници, објекти за вентилација, објекти за транспорт и други рударски објекти	6
2.	**Објекти за производство и пренос на нафта и гас**	
	1) Објекти за сеизмолошки и други испитувања и објекти за истражно и откривно дупчење на нафтени и гасни дупчотини, освен истражните и откривните дупчотини чиешто финансирање се врши врз товар на материјалните трошоци	10
	2) Собирно-отпремни објекти на нафтени и гасни полиња (котларници, огногасници, пумпалници, прирачни складови и други објекти за собирање и експедирање на нафта и гас)	10
	3) Пристапни патишта до нафтено-гасните полиња и други објекти на местата на истражувањето и производството на нафта и гас	10
	4) Нафтоводи и гасоводи:	
	— за далечински транспорт на нафта и гас	5

1	2	3
	— за транспорт на деривати од нафта и гас	5,5
	— за транспорт на нафта и гас во рамките на нафтени гасни полиња и помеѓу нафтени и гасни полиња	7
	— нафтоводи и гасоводи во морето	10
3.	**Електростопански и водостопански објекти и објекти на водоводот и канализацијата**	
	1) Брани (зајази):	
	— земјени	1
	— бетонски и високи бетонски	1,5
	2) Црпни станици:	
	— бетонски и sидани	1,5
	— монтажни	2,5
	— подвижни	5
	3) Канали (доводни, одводни, разводни) и придружни објекти на нив (тунели, аквадукти и приклучни лизговни градби):	
	— земјени и земјеностабилизирани	1,5
	— бетонски	2
	— обложени со бетон или со камен	2,5
	— обложени со пластика или со друг материјал	3,3
	4) Цевоводи (под притисок и други):	
	— бетонски	2
	— азбестно-цементни, леано-железни и керамички	2,5
	— други	3,3
	5) Бродски преводници и бетонски колектори (гравитациони и други)	1,5
	6) Прагови, бетонски брани, бетонски базени и таложници	1,3
	7) Напери и паралелни градби	1,7
	8) Каскади и поројни прегради	2,5
	9) Пропусти:	
	— бетонски и sидани	2
	— други	3,3
	10) Објекти за искористување и употреба на вода:	
	— хоризонтални цевни дренажи	5
	— вертикални цевни дренажи (бунари)	10
	— каптажни градби	2
	11) Објекти за подготвување, филтрирање, смекнување и деминерализација на водата	4
	12) Други објекти во водостопанството	2,5
	13) Згради и други градби на хидроцентрали:	
	— од бетон	1,5
	— од друг материјал	2
	14) Згради и други градби на термоцентрали:	
	— од бетон	4
	— од друг материјал	5
	15) Згради и други градби на нуклеарните централи:	
	— од бетон	3,3
	— од друг материјал	5

1	2	3
	16) Објекти за пренос на електрична енергија:	
	— далноводи (бетонски и челични)	3
	— згради на трафостаници и на други разводни постројки и на диспечерски центри	2
	17) Објекти за дистрибуција на електрична енергија:	
	— надземни водови од 110 kV и повисоки напони на струја, со бетонски и железни столбови и кабелски водови од 110 kV и повисоки напони	3
	— надземни водови од среден напон и нисконапонска мрежа, со бетонски и железни столбови; објекти на мрежата за јавно осветлување; трафостаници на железни столбови и трафостаници во затворени градби	5
	— надземни водови од среден напон на дрвени столбови и трафостаници на дрвени столбови	6,7
	— кабелски водови од среден и низок напон и сигнално-командни кабелски водови	4
	— нисконапонска мрежа и мрежа за јавно осветлување на дрвени столбови и покривни sидни носачи	8,3
	— други објекти за дистрибуција на електрична енергија	2
	18) Објекти на доводната и објекти на разводната водоводна мрежа:	
	— бетонски	2
	— азбестно-цементни, леано-железни и керамички	2,5
	— челични и други	3,3
	19) Објекти на канализацијата и објекти за пречистување на отпадните води:	
	— бетонски	2
	— азбестно-цементни и керамички	2,5
	— од друг материјал	3,3
	20) Згради и други градби за производство и за пренос на топлотна енергија:	
	— од бетон	4
	— од друг материјал	5
4.	**Фабрички хали и други градби за вршење на дејности од областа на индустријата и од областа на градежништвото:**	
	— од бетон	1,8
	— од бетон и метал	2
	— од метал	2,5
	— од камен и тула	3
	— од друг материјал	4
5.	**Згради и други градби за вршење на дејности од областа на земјоделството, шумарството, рибарството и одгледување на дивеч**	
	1) Објекти за сместување и исхрана на добиток (штали, хранилки, поилки и др.):	
	— од бетон	2,5
	— од бетон и метал	2,8

1	2	3
	— од камен и тула	3
	— од дрво и друг материјал	5
	2) Објекти за производство, подготвување и одржување на земјоделски и шумски посадочен и расаден материјал:	
	— од бетон	2
	— од бетон и метал	2,5
	— од метал	3
	— од камен и тула	3,3
	— од дрво и друг материјал	4
	3) Објекти за производство на ран и сезонски зеленчук и овошје:	
	— стаклености	7
	— пластеници	12,5
	4) Објекти за примарна преработка на земјоделски и шумски производи (складови и сушилници, објекти за сортирање и пакување на производи и сл.):	
	— од бетон	1,8
	— од бетон и метал	2
	— од метал	2,5
	— од камен и тула	3
	— од дрво и друг материјал	5
6	**Објекти за вршење на дејности на рибарство и одгледување на дивеч:**	
	1) Објекти за вршење на дејност на рибарство:	
	— за производство и одгледување на рибен подмладок (мрестилишта)	3
	— за одгледување на риби	4
	— земјени канали и насипи за одгледување на риби	2
	— друго	5
	2) Објекти за одгледување на дивеч:	
	— од бетон	2
	— од бетон и метал	2,5
	— од метал	3
	— од камен и тула	2,8
	— од друг материјал	4
7.	**Објекти за друмскиот сообраќај:**	
	1) Патишта (вклучувајќи ги плоштадите и улиците во населбите):	
	— со коловоз од бетон со систем на тешко набивање	3,3
	— со коловоз од коцка	2,5
	— со асфалтен врзен слој (битумен, чакал, асфалтен тепих)	6,6
	— со асфалтен бетон со варовен агрегат или еруптивен агрегат	8,3
	— среден систем на набивање (пенетрација)	14
	— лесен систем на набивање (беспрашна обработка со катран и асфалтна површинска обработка)	33
	2) Придружни објекти на патиштата:	
	— бетонски и камени риголи и цевни пропусти, бетонски камени огради, камени ѕидови и ѕидови од бетонски елементи	5
	— сводни (параболични) пропусти и плочести пропусти;	2,5
	— одбојни огради, дрвени огради и железни цевки со бетонски и дрвени столбови	10
	— сообраќајни знаци и патокази	20
	3) Мостови, надвозници и подвозници на патиштата:	
	— камени и бетонски	1,3
	— железни	2
	— дрвени	10
	4) Тунели и галерии на патиштата	1
8.	**Објекти за вршење на железнички сообраќај и друг сообраќај на шини**	
	1) Пруги:	
	а) долен строј со објекти:	
	— земјен труп со заштитни објекти	1,5
	— тунели и галерии	1,5
	— мостови, вијадукти и надвозници од бетон и камен	1,5
	— мостови, вијадукти и надвозници од челик	2
	б) горен строј:	
	— колосек	4
	— свртници	5
	2) Објекти за електрична влеча на возови:	
	— за контактна мрежа на железнички пруги	4
	— за електроенергетски постројки на електрична влеча (електровлечни потстаници и постројки за секционирање)	5
	— за далечинско управување со електровлечни потстаници и постројки за секционирање	6
	3) Објекти за сигнално-безбедносни постројки:	
	— за станични и пружни релејни сигнално-безбедносни уреди со кабелски постројки	6
	— за механички и електромеханички сигнално-безбедносни уреди	
	— за постројки на телекоманди за ранжирни станици и други сигнално-безбедносни уреди со електроника	
	— за надворешни сигнално-безбедносни постројки (свртнички поставни направи, сигнали, уреди на автоматскиот пружен блок и уреди на патните премини)	
	4) Објекти за телекомуникациони постројки во железничкиот сообраќај:	
	— за пружни сигнално-телекомуникациони кабли	

1	2	3
	— за сместување и работа на железничките телефонски и телеграфски централи, диспечерски пружни телефонски уреди, регистрафони, интерфони, часовнички и разгласни уреди	8,3
	— за радио уреди (радио диспечерски уреди КТ и UHF)	7
	— за преносни и подвижни радио уреди	10
	5) Згради на железнички станици, депоа, водостаници и други градби на железнички станици:	
	— од бетон	1,5
	— од метал, камен и тула	2
	— од дрво и друг материјал	2,5
	6) Трамвајски пруги со придружни објекти:	
	— колосеци	4
	— контактна мрежа и друго	6
9.	**Објекти за поморски, речен и езерски сообраќај**	
	1) Згради на пристаништа и на луки, оперативни брегови и лакобрани како заштитен појас на луки и пристаништа, патеки, канали и базени во луките и пристаништата	2
	2) Изградени оперативни површини за натовар, растовар и сместување на материјал, приклучни и внатрешни патишта во пристиништа и луки	3,3
	3) Складови, резервоари и други неспомнати објекти во луки и пристаништа:	
	— sидани од бетон и друг цврст материјал (камен, тула)	1,5
	— челични	2,5
	— пластични и од други материјали	4
10.	**Објекти за воздушен сообраќај**	
	1) Пристанишни згради и други градби на аеродроми (кули за контрола и насочување на летови, хангари и работници за поправка на воздухоплови и друга опрема):	
	— од бетон и од бетон и метал	1,5
	— од метал	2,5
	— од друг материјал	2
	2) Полетно-слетни патеки, рулни патеки и спојници, платформи и други објекти за слетување, стоење и полетување на авиони и хеликоптери	2,5
11.	**Објекти за ПТТ сообраќај, за радио и ТВ сообраќај**	
	1) Објекти за сместување и работа на телефонски и телеграфски централи, радио станици, ТВ станици, радио и ТВ студија центри и ТВ студија:	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од метал	2
	— од камен и тула	2,5
	— од дрво и друг материјал	5
	2) Кабелски канализации	2,5
	3) Објекти на надземни линии со изолирани и неизолирани спроводници:	
	— столбови	5
	— пречници и неизолирани спроводници	4
	— изолирани спроводници и надземни кабелски мрежи	6,5
	4) Антенски столбови	3,5
12.	**Стоковни куќи, пазари, магацини, продавници и други згради и други градби за вршење на дејности на трговија:**	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од камен и тула	2,5
	— од метал и друг материјал	3
	— од дрво и метал	2
13.	**Хотели, мотели, ресторани, кафеани, бифеа, камп-куќички и други градби за вршење на дејности на угостителство и туризам:**	
	— од бетон	1,8
	— од бетон и метал	1,5
	— од камен и тула	2
	— од метал	2,5
	— од дрво	10
	— од друг материјал	5
14.	**Згради и други градби за работа на училишта, факултети, академии, универзитети:**	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од метал	2
	— од камен и тула	2,5
	— од дрво и друг материјал	5
15.	**Згради и други градби за вршење на дејности на наука, култура (театри, опери, музеи, галерии, библиотеки, архиви и др.) и од информации:**	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од метал	2
	— од камен и тула	2,5
	— од дрво и друг материјал	5
16.	**Спортски сали, спортски игралишта, рекреациони центри и други објекти за физичка култура и спорт:**	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од метал	2,5
	— од камен и тула	2
	— од дрво и друг материјал	5

1	2	3
17.	**Згради и други градби за давање на здравствена и социјална заштита:**	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од метал	2
	— од камен и тула	2,5
	— од дрво и друг материјал	5
18.	**Управни згради, згради на банки и други финансиски организации, згради на пошти и други сообраќајни организации, згради на општествени организации и на самоуправни интересни заедници и згради на други корисници за вршење на канцелариски работи:**	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од метал	2
	— од камен и тула	2,5
	— од дрво и друг материјал	5
19.	**Објекти за вршење на комунални дејности, дејности за уредување на населби и простори и дејности на занаетчиство:**	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од камен и тула	2
	— од метал	2,5
	— од дрво и друг материјал	5
20.	**Станбени згради (вклучувајќи и студентски домови и хотели за самци)**	
	1) Приземни и катни згради:	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од метал	2
	— од камен и тула	2,2
	— од дрво и друг материјал	4
	2) Повеќекатни згради и солитери:	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	2
	— од метал	2,5
	— од камен и тула	2,2
	— од дрво и друг материјал	5
21.	**Монтажни згради и други монтажни објекти**	
	— од бетонски елементи	2
	— од метал и бетон	2,5
	— од метал	4
	— од дрво	10
	— од друг материјал	8
22.	**Бараки и други објекти за привремено сместување на градилиштата и на други работилишта**	
	— од бетонски елементи	7
	— од дрво	15
	— од друг материјал	12,5

1	2	3
23.	**Други градежни објекти**	
	1) Индустриски, шумски и други патишта:	
	— со коловоз од бетон, асфалт или камен со систем на тешко набивање	4
	— со пенетрација	14
	— со беспрашна обработка (лесен систем на набивање)	25
	2) Индустриски, рударски, шумарски и други колосеци	4
	3) Жичари:	
	— за превоз на руда, дрвена граѓа, индустриски суровини и друг материјал и производи	6
	— за превоз на патници	5
	4) Искачувала и ски-лифтови	7
	5) Марини, навози и други неспоменати градежни објекти	
	— од бетон	1,5
	— од бетон и метал	1,8
	— од камен и тула	2
	— од метал	2,5
	— од дрво и друг материјал	5
	II. ОПРЕМА ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТИ НА РУДНИЦИ, ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО, ВОДОСТОПАНСТВО И ИНДУСТРИЈА	
24.	**Опрема за производство на јаглен и опрема за производство на кокс**	
	1) Опрема за производство на јаглен:	
	— гарнитури за дупчење, чекани за дупчење и откопување, машини дупчалки (електрични и пневматски), стабилни и подвижни компресори и стабилни и сепаратни вентилатори	12,5
	— експлоатациони машини и уреди за сепарација и други пречистувања како и за сушење на јаглен	8,5
	— јамски локомотиви, вагонети и друга опрема за транспорт на јаглен во рудниците	7
	2) Опрема за производство на кокс:	
	— за подготвување на јаглен и за производство на кокс	7
	— за производство на нуспродукти во коксарниците	10
	— друга опрема за работа на коксарниците	8
25.	**Опрема за истражување, производство и пренос на нафта и гас**	
	1) Опрема за сеизмолошки и други испитувања	30
	2) Опрема за истражување и откривање на нафта и гас на копно:	
	— гарнитури за дупчење и гарнитури за испитување и освојување на дупчотини (за работи под притисок и тубинг)	10

1	2	3
	— апарати и агрегати за работи на нафтени и гасни дупчотини	11
	3) Опрема за истражување и откривање на нафта и гас на море:	
	— платформи за дупчење и платформи за производство на нафта и гас на море	14
	— друга опрема за истражување и откривање на нафта и гас на море	14,3
	4) Опрема на нафтени и гасни полиња и на собирно-експедирачкиот систем на нафтени и гасни полиња (електропостројки и електроводови, управувачки системи, опрема за сепарација и разделување, подготовка на адитиви и др.)	10
26.	**Опрема на рудници на метали (освен рудниците на антимон):**	
	— гарнитури за дупчење и други дупчалки, стабилни и подвижни компресори и вентилатори	12,5
	— опрема за сепарација и пречистување на руди	8,5
	— јамски локомотиви, вагонети и други транспортни средства за јамски и површински копови	8
	— друга опрема на рудниците на метали	7
27.	**Опрема на рудниците на антимон:**	
	— гарнитури за дупчење	10
	— стабилни компресори и вентилатори	5
	— машини, уреди и друга опрема за работа во рударските јами и за експлоатација и транспорт на руди во рудниците со јамски коп	12,5
	— опрема за површинска експлоатација	10
28.	**Опрема за производство на неметални минерали, сол, камен, чакал и песок**	
	1) Опрема за производство на неметални минерали:	
	— гарнитури за дупчење, чекани за дупчење и стабилни вентилатори	10
	— подвижни компресори, сепаратни вентилатори, опрема на системот за пречистување и опрема на системот за воздух	12,5
	— јамски локомотиви, вагонети, пумпи за одводнување и друга опрема за транспорт кај рудниците на неметали	16,5
	— опрема за облагородување на неметали и врекести филтери на системот за воздух	6,7
	2) Опрема за производство на сол:	
	— опрема за сепарација на сол	12,5
	— електроопрема во рудниците за производство на сол	10
	— друга опрема за производство на сол	11
	3) Опрема за производство на камен, чакал и песок:	
	— опрема за производство и обработка на камен	10
	— опрема за производство на чакал и песок	12,5
	— опрема за производство на суров гипс	11
	— друга опрема што се користи за производство на камен, чакал или песок	10
29.	**Опрема за искористување и употреба на вода, за заштита од штетни дејствија на вода и за заштита на вода од загадување**	
	1) за искористување на водата за наводнување:	
	— цевоводи (челични)	3,3
	— цевоводи алуминиумски	7
	— црпки	5
	— друга опрема	4
	2) за заштита од поплави од ерозии и порои и за одводнување на земјиштето:	
	— црпки	5
	— брани	4
	— затворачи со погонски механизми	6
	— опрема за дренажа	7
	— опрема за управување и регулација	6
	— друга опрема	5
	3) за заштита на водата од загадување:	
	— црпки	5
	— брани	5
	— решетки	10
	— чистилки	7
	— електромашинска опрема	7
	— друга опрема	6
30.	**Опрема на објектите на водоводот и канализацијата:**	
	— хидромеханичка и електромашинска опрема на капиталните објекти и на објектите за преработка на водата за пиење	5
	— хидромеханичка и електромашинска опрема на објектите за канализација	7
	— опрема за управување и регулација на капиталните објекти, на објектите за преработка на водата за пиење и на објектите за канализација	10
	— друга опрема	8
31.	**Опрема за производство и пренос на електрична и топлотна енергија**	
	1) Опрема на хидроцентрали:	
	— производни агрегати (хидрогенератори и мотор-генератори со уреди за задвижување), хидротурбини и пумпни турбини со регулатор на брзината и со припаѓачки затворачи и трансформатори со разводни постројки	5
	— машински дел на цевовод под притисок, решетки, затворачи со погонски механизам, челични облоги, чистилки и друга хидро-механичка опрема	3,3

1	2	3
	— опрема за процесно управување (мерење, управување, заштита, регулација и сл.) кај хидроцентрали	10
	— опрема на помошните системи (за дренажа, за воздух, за подмачкување, за гаснење на пожари и др.) и друга опрема за работа на хидроцентрали	6,5
	2) Опрема на термоцентрали:	
	— енергетски парни котли со природна циркулација, парни турбини (кондензациони и топлификациони), кондензатори, постројки за загревање на вода, постројки за напојување на котли и пумпни постројки	5
	— енергетски парни котли со природна циркулација, постројки за подготовка на горивото за ложење (мелници за јаглен, додавачи на јаглен, уфрлувачи на јаглен во котел, за подготовка и дозирање на течно и гасовито гориво), вентилаторски постројки, постројки за допремање и подготовка на додатна и разладна вода, пречистувачи на димни гасови и уреди за пречистување на отпадни води	5,6
	— идустриски грејни парни котли (со средни и ниски параметри и водогрејни котли)	4,6
	— енергетски парни котли со наткритични параметри и со топена згура	6,3
	— друга опрема на термоцентрали	10
	3) Опрема на нуклеарни централи:	
	— нуклеарни реактори со разладни и други уреди, безбедносни и помошни системи	4
	— за радио-активни отпадоци	8
	— за радиолошка заштита и друга опрема кај нуклеарните централи	10
	4) Опрема за пренос на електрична енергија:	
	— трансформатори и апарати и уреди во постројки	5
	—опрема за далноводи од 110 kW и повисоки напони	4
	— опрема на системот за управување	12,5
	5) Опрема за дистрибуција на електрична енергија:	
	— енергетски трансформатори и друга електроопрема	5
	— бројила на електрична енергија, вклопни часовници, мрежно-тон-фреквентно командни приемници и спрема на баждарници и на испитни лаборатории	7
	— преносни мерни инструменти вградени во специјални возила	10
32.	**Опрема за производство и пренос на топлотна енергија (индустриски, комунални и други топлани):**	
	— парни котли и друга опрема за загревање на водата, со уреди за ложење	10
	— опрема за пренос и дистрибуција на топлотна енергија	11
	— друга опрема	9
33.	**Опрема за производство на железо, челик (црна металургија):**	
	1) Опрема за производство на суровo железо:	
	— за подготовка и облагородување на рудата	6,6
	— за подготвување на рудата за топење (агломерирање и пелетизирање)	8,3
	— високи печки, електроредукциони печки, печки за директна редукција и други печки	6,8
	2) опрема за производство на челик:	
	— СМ печки, електропечки, конвентори и уреди за вонпечко производство на челик	8,3
	3) Опрема на валалници и ковачници на челик:	
	— за загревање на влошки и за термичка обработка на челик	7
	— за топло валање на полуфабрикати, челични профили, ленти, лимови и безрабни цевки, за ковање на челик	7,7
	— за ладно валање на профили, ленти, лимови и цевки, за производство на поцинкувани производи, производство на рабни цевки и за пластификација на ленти, лимови и цевки	6,6
	— за производство на влечен, точен и лупен челик и за производство на цевки и обложени електроди	10
	4) Опрема за производство на феролегури:	
	— машини и постројки	7
	— друга опрема	8
	5) Опрема за производство на металургиска вар, за изработка, поцинкување и заштита на цевки и спојници, за преработка на згура и друга неспомената опрема во црната металургија	8
34.	**Опрема за производство на бакар и за преработка на бакар и легури на бакар**	
	1) Печки и друга опрема за производство на суров и рафиниран бакар, за отпрашување, за пречистување на бакар и за одвојување на бакарот по квалитет	7
	2) Опрема за полуконтинуирано леење на блокови и трупци и за глодење на блокови и трупци: за сечење на катоди; за пакување на отпадоци, подготовка на струганици и мелење на згура; за обработка на трупци; за глодење на ленти и плочи; за ладно валање и точење на валјаци; за премостување на ленти и за контрола на обликот и бајцување на пресувани производи	8,5

1	2	3
	3) Опрема за континуирано леење на блокови, трупци, ленти, жици, прачки и цевки; печки за загревање на блокови со течно и гасовито гориво; уреди за жарење и бајцување на ленти, за рамнење и сечење на лимови, за надолжно расечување на ламели; за извлекување на цевки во макара, на жици, и профили, за рамнење и сечење на прачки и шини; влечна клупа за извлекување на прачки, цевки и шини, за извлекување во макара; машини за шилење на врвови пред извлекувањето за рамнење на цевки, прачки и шини, за премостување на цевки во макара и за испитување на готови производи	9
	4) Опрема за континуирано леење на жици; за сечење на отпадоци; печки за топење, леење и валање на ленти и плочи; за топло валање на жици; за загревање на блокови; за сечење на плочи и ламели; за специјално жарење на ленти; за избивање на облици; за пресување на трупци и за сечење на пресувани производи	7
	5) Лонци за леење	20
35.	**Опрема за производство на олово и цинк и опрема за преработка на олово и цинк**	
	1) Опрема за производство на олово и опрема за производство на цинк:	
	— опрема за агломеризациони празнења, за сразмерно додавање, за вентилација и вдувување; коксни прегревачи, кондензатори и дезинтегратори; машини за пескарење; ладилници за киселина: опрема за сушење и вентилација; вибрациони сита, дробилки со шилци, гасоводи, вибрациони додавачи и кранови за полнење	10
	— пумпи за вода; лонци за одсребрување; печки за топење со механизам за полнење; мешалки и уреди за вентилација; прачки, одвојувачи и отпрашувачи за кисели гасови; уреди за цементација и прегревачи	16,5
	2) Опрема за преработка на олово и цинк:	
	— опрема за мешање и правање на концентрати, за агломерација и за ладење; шахтни печки и шаржирни sвона; опрема за производство на кадмиум и опрема за производство на сулфурна киселина; електрофилтери и конвертори со изменувачи на топлината и повратни агломерати	8,5
	— опрема за подготовка на шаржа и обработка на агломерати за шахтни печки; опрема за претходна рафинација на цинк и за базна рафиниција на кадмиум	11
	— опрема за ситемот за мострирање; врекести филтери; шахтни, ретортни и кубести печки; кули за миење на гасови; сепаратори на влага;	

1	2	3
	постројки за пирометалургиска рафинација на олово, за воздушно всмукување на бакарни честици, за вакуумско отцинкување, за преработка на сребрена пена, за леење; праволиниски и кружни леарски машини; лентести пили; уреди за затинување и лужење; за перење и филтрирање јонска измена и за леење на тегови	7,5
	— краткотапанести печки, синтел-машини, уреди за преработка на честички, ладилници за гасови, врекести филтри, леарски машини, машини за производство на оловни цевки и тегови и цевки за загрезање	7
	додавачи за вода, дробилки, предпечки, шаржирни кади, изменувачи и издвојувачи со кондензатори, лонци за рафинација и за топење на цементиран кадмиум	30
36.	**Опрема за производство на глиница и алуминиум:**	
	1) опрема за производство и мелење на боксит:	
	— вибро, плочести и други додавачи за подготовка и мелење на боксит	7
	— дробилки, мелници и транспортери во процесот	4
	— сита, натоварувачи и хидроциклони	20
	— отпрашувачи	5
	— магнетни одвивачи	10
	— опрема на цевоводи	50
	2) Опрема за расчистување и подготвување за производство на алуминиум:	
	— компресори и хидрофори, разблажувачи и уреди за подмачкување	7
	— автоклави, кондензациони лонци, експандери, балони на сигурност, клима уреди, лифтови и отпрашувачи	5
	— гасилки за вар и машини за кинење на врекн	10
	— пумпи со висок притисок, изменувачи на топлината и опрема за громобранска заштита	20
	3) Опрема за размерување, за испраќање на црвена тиња, за каустификација, впарување и црвена филтрација	
